Shpendim Maksuti, PhD [1]

UDC:
342.4:342.72/.73

# VËREJTJET THEMELORE MBI KONTROLLIN E KUSHTETUTSHMËRISË NGA ASPEKTI I MBROJTJES SË TË DREJTAVE DHE LIRIVE TË NJERIUT

# ОСНОВНИТЕ ЗАБЕЛЕШКИ НА КОНТРОЛАТА НА УСТАВНОСТА ОД АСПЕКТ НА ЗАШТИТАТА НА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА И СЛОБОДИ

# THE BASIC REMARKS OF THE CONTROL OF THE CONSTITUTION FROM ASPECTS OF THE PROTECTION OF HUMAN RIGHTS AND FREEDOMS

**Abstract**

Protection of human rights and freedoms is a significant legally relevant and political circumstance. It is an important component of the entire body of human rights and freedoms. Without ensuring the legal protection of human rights and freedoms we cannot talk about their accomplishment, their realization in practice. From this aspect and criterion, it is no coincidence that the constitution of each modern country regulates the issue of protection of human rights and freedoms in a special place and with special constitutional norms. Contrary to this, if in the concrete regulation of a country only human rights and freedoms are established, and there are no specific mechanisms, specific legal and political instruments for their realization, then in such cases their prediction remains as a wish program or a dead word on paper. In other words, in such cases, it is well-grounded in the

[1] Part time Lecturer at the Faculty of Business Administration at the University of Tetovo

constitutional and legal science that there is no guarantee for human rights and freedoms. They are therefore not guaranteed.

Every modern society is especially engaged through its legal regulation to establish a system of instruments, a system of legal and political mechanisms for the protection of human rights and freedoms.

They are enumerated, the principle of enumeration of mechanisms, the legal instruments is governed and applied. Depending on the conditions, the relations and the concrete conditions in each country, the number of mechanisms that are determined by the shadow country, the mechanisms that in every given situation are used in the protection of human rights, are different. The same way is done in the Republic of Macedonia.

**Key Words**: The protection of constitutionality and legality with the institution itself protects human rights and freedoms.

## 1. Накратко за историјата на вонсудската заштита на уставноста и законитоста

Вонсудската заштита на устаноста и законитоста датира уште од 18-тиот век. Вонсудската заштита претставува резултат, но и последица на конкретните историски збиднувања. Од историските збиднувања важно е да се цени како една релевантна околност позицијата и интересите на власта, посебно на извршната власт. И кога станува збор за власта, клучна компонента и околност претставуваше и позицијата и интересите на шефот на државата. Вонсудската контрола на уставноста и законитоста претставува, од историска гледна точка, контрола од посебните „уставни“ или „политички“ органи. Спрема тоа, ваквата контрола претставуваше контрола на уставноста и законитоста надвор од парламентот, надвор од владата и се разбира надвор од судската власт, впрочем, надвор од судската контрола на уставноста.

Во овој осврт ги спомнуваме како посебни уставни односно политички органи кои низ историјата и во конкретни земји имале посебна улога во вонсудската постапка на контрола на уставноста и законитоста. Така, на пример, во една од земјите на САД – Пенсилванија уште во 18-тиот век се јавува како посебен облик институцијата „цензор“. Оваа институција-институцијата цензор била претставувана од личности кои вршеле значајни функции и во

вршењето на конкретните функции истите претставувале и имале улога на чувар на „интегритетот на Уставот". За волја на вистината, иако станува збор за еден вид и еден облик на вонсудска контрола на уставноста и законитоста, ако се анализира временската димензија, овој облик кратко траел. Поточно речено повеќе може да се зборува како идеа и само идеа одколку како навистина конкретен облик на вонсудската заштита на уставноста.[2]

Во Франција, заслужува посебно да биде подвлечено, во прво време имаше облик на вонсудската заштита на уставноста. Уште во време на Француската револуција, 1789 година се предложи како посебен орган за контрола на уставноста таканаречени „голем национален жири". Преку овој орган се гарантираше заштитата на основните права на човекот и граѓанинот кои права, како што е познато, се утврдени и гарантирани и во Декларацијата за основните права на човекот и граѓанинот. Во оваа земја, а кога станува збор за контрола на уставноста во буквална смисла на зборот, таа контрола се појавува за време на Првата Република на Франција. Станувало збор за специјално избрано преставничко тело кое имало за задача да решава по жалбите кои биле поднесени за повреда на уставно правните норми.

После Втората светска војна, а во рамките на вонсудските органи за заштита и контрола на уставноста и законитоста, го повлекуваме и случајот поточно организацијата на Демократската Република на Германија. Во оваа земја, на почетокот односно првите години после Втората светска војна се воведе уставен одбор како посебен орган за вонсудската заштита на уставноста.

Во уставно-правната наука со право се подвлекува дека уставната контрола се забележува како појава и како институција и пред и по појавата на пишаните устави. Тоа нешто претставува уставност во материјалната смисла на зборот. Оваа контрола била потребна од причини што целото општество се востановувало во согласност со одредените правила на однесување. Тој збир на правила, некаде во помал а некаде во поголем обем, претставувал објективен систем. Меѓутоа, кога станува збор за самата институција уставност и законитост, оваа институција во правна смисла на зборот настанува и се развива со појавата на пишаните устави. Ваквото стојалиште денеска се брани со конкретни аргументи и од

[2] Др. Димитрије Кулић, Уставно судство у свету, Београд – Зајечар, 1982 година, стр. 371.

познатите конститунационалисти. На ваквото становиште беше и проф. д-р Јован Ѓоргевиќ.[3]

Целта на заштита на уставноста и законитоста во секоја земја е, покрај другото, да се спречат појавите кој се однесуваат на доминацијата на конкретни власти во конкретна земја, појавите кои се однесуваат на борбата за власт; хиерархија, нееднаквост, дискриминација, и со други зборови, сите оние постапки и однесувања, вклучувајќи ги и донесувањето на правните норми кои би биле во спротивност со правен поредок на земјата.

## 2. Системите (облиците) на контролата на уставноста и законитоста

Контролата на уставноста и законитоста во секоја земја претставува значаен инструмент. Тоа претставува клучна претпоставка за уставност и законитост. Ваквото стојалиште денес преовладува во современото уставно право.[4] Клучното прашање во рамките на оваа е прашањето на системите на контрола на уставноста. За терминот „системи", во правната литература се употребува и израз „форма" односно „облик". Според стојалиштето кое постои во уставно-правната наука се прави разлика помеѓу разните модели односно системи на заштита. Но, битно е да се забележи дека при класификацијата на системите во конкретни групи или подгрупи секогаш се поаѓа од конкретните критериуми. Овде и во овој осврт се цени еден важен критериум. Критериумот се однесува на субјектите кои согласно позитивната регулатива на една земја се овластени да вршат контрола на уставноста и законитоста. Од овој критериум спрема тоа, од аспект на субјектите кои вршат контрола на уставноста и законитоста, постојат два модели, односно два системи. Тие се законодавниот дел, од едната страна, и посебно формирани органи, од другата страна.

### 2.1. Законодавниот орган – посебен модел за вршење на контролата на уставноста

Првиот систем или модел се нарекува систем на контрола која се врши од **законодавниот дом**. Кога станува збор за

[3] За изложеното поопширно во Предговорот на професор Јован Ѓорѓевиќ за книгата на професор Улиќ, Уставно судство у свету, цитирано дело, стр. 5 – 10.
[4] Поконкретно проф др Светомир Шкариќ, Уставно право, 2006 година, стр. 339.

законодавниот дом, во иста улога и својство може да бидат и неговите тела со надлежност за вршење на контролата. Овој систем – поточно модел влегува во групата на најстарите модели за контролата на уставноста и законитоста. Овој систем се нарекува и систем на самоконтрола.[5] Овој систем се применува во Англија, во Франција и нејзиниот устав од 1793 година. Во оваа држава системот на контрола преку законодавниот орган претставувал модел на внатрешна контрола. Покрај наведените земји системот на контрола преку законодавниот дом е воведен во Народна Република Кина, а тоа врз основа на одредбите на нејзиниот Устав. Овој систем го познава и Република Перу согласно Уставот од 1933 година. Заслужува да се подвлече дека овој систем на контрола на уставноста беше присутен и во добар број на поранешните социјалистички земји, освен во поранешна СFРЈ и СРМ.

### 2.2. Основање на посебни установи како модел на контрола на уставноста и законитоста

За разлика од првиот систем – системот на контрола која е вршена од страна на законодавниот дом или неговите тела, другиот облик е мошне важен. Станува збор за посебен модел, модел на основање на посебни установи, односно институции во рамките на правниот и политичкиот систем на една земја се формираат посебни органи со надлежност на контрола на уставноста и законитоста. Заедничка црта на сите можни институции, односно установи како посебен модел е посебноста што истите дејствуваат надвор од парламентот.

Во рамките на овој систем, во зависност од конкретните услови и можности што ги имаат конкретните земји се забележуваат други подмодели за вршење на контролата на уставноста и законитоста. Од нив се забележува појавата на следните три можни модели. Првиот модел или систем е моделот кој се однесува на посебен уставен или политички орган со надлежност за вршење на контролата на уставноста и законитоста. Посебноста на овие посебни уставни и политички органи се забележува посебно од фактот дека истите не припаѓаат на законодавната, ниту пак на извршната власт. Ваков случај поточно само како пример, треба да

[5] За изложените определби во книгата на проф др Саво Климовски, проф др Тања Каракамишева и проф др Рената Дескоска, Уставно право, Скопје, стр. 489 – 490.

се наведе основањето на Народниот правобранител во Шведска. Овој орган, покрај другите надлежности, посебно има надлежност да ги штити човековите права и слободи.[6] Овој систем бил присутен и во Франција, според Уставот на оваа земја од 1791 година. Улогата на посебниот модел за контрола на уставноста ја имал Сенатот. Во поранешниот СССР, според Уставот од 1936 година Президиумот на Врховниот Совет ја имал улогата на посебен систем односно посебен орган во контролата на уставноста и законитоста.

Другиот подоблик, поточно подмодел на контролата на уставноста и законитоста е редовното судство. Во рамките на овој посебен модел, а имено, редовното судство како важен механизам за контролата на уставноста и законитоста се прави натамошна класификација и дистинкција помеѓу надлежноста на редовните судови, како судови од општа надлежност во рамките на една конкретна земја и судската контрола од највисокиот суд во земјата.

По однос на редовните судови и нивната надлежност во контролата на уставноста и законитоста заслужува да биде подвлечено како што следува. Прво, надлежноста на сојузните судови и судовите на државите членки на САД. Надлежноста на редовните судови во САД претставува првобитна форма на уставното судство.[7] Кога станува збор за редовните судови на САД и нивната надлежност треба да се забележи една значајна околност. За контролата на редовното судство во САД нема изрична одредба во Уставот на САД. Судовите од општата надлежност, поточно редовните судови, оваа надлежност ја извлекуваат врз основа на своето толкување на Уставот.

Во одделни земји, а кога станува збор за судската контрола од редовните судови и нивната надлежност се забележува дека за надлежноста на редовното судство се заклучува со толкувањето на условните одредби. Впрочем, тоа нешто произлегува од уставните одредби. Значи, повторно имаме толкување на уставните одредби иако со нив и нивните решенија не е изрично подвлечено дека редовните судови се надлежни за контролата на уставноста и законитоста. Тоа е случајот со државите како што следува Данска, Турција, Молдавија и други.

---

[6] Проф др Саво Климовски, цитирано дело, стр. 490.

[7] Стојановиќ – др Михајло, Судска контрола уставности, Београд, 1960 година, стр. 6.

Во третата група на земји, а станува збор за земји во кои редовното судство ја врши контролата на уставноста и законитоста, станува збор за земји во кои со изрична уставна норма се подвлекува судската контрола на уставноста и законитоста и дека таа контрола се врши од редовното судство. Во оваа група на земји, покрај другото, се забележуваат и позитивните регулативи на Бразил, Аргентина и Мексико.[8]

Во рамките на редовното судство, односно судовите од општата надлежност и нивната улога и надлежност во вршењето на контролата во уставноста и законитоста, посебно се забележува и се потенцира оној подмодел на судска контрола кој се однесува на највисокиот суд на земјата. Впрочем, станува збор за единствениот суд на земјата кој во рамките на редовната судска надлежност е издвоен како суд кој, покрај другите надлежности, ја има и надлежноста да ја врши контролата на уставноста и законитоста. Неовисно на називот на највисокиот суд, битно е да се забележи дека станува збор за единствениот суд кој во хиерархијата на судската власт претставува највисок суд во земјата. Во таа смисла ги подвлекуваме решението од позитивните регулативи на земјите како што следува: Спрема Уставот на Романија од 1923 година тоа е Касационит суд; според Прускиот Устав од 1920 година тоа е Државниот суд; според Ирскиот Устав од 1920 година тоа е посебен Висок суд и спрема Уставите на Бурма, од 1947 година, Индија од 1949 година и Уругвај од 1952 година, тоа е Врховниот суд на овие земји.

Третиот модел на контролата на уставноста и законитоста претставува уставното судство. При фактот дека уставното судство претставува целтрално, фундаментално прашање.

Во класификацијата на системите – моделите за контрола на уставноста и законитоста ги нагласуваме и следните стојалишта кои се присутни во уставно-правната теорија. Според една група на автори кога станува збор за облиците на контролата истите се определуваат во зависност на обликот на контролата на уставноста и од политичките односи и процеси на секоја земја одделно. Во зависност од овој критериум се подвлекува во теоријата на уставното право, како важни облици се појавуваат: Уставното

[8] За редовното судство и нивната надлежност во контролата на уставноста и законитоста и во делото на проф др Весела Мукоска – Чинго, Уставно судство (теорија и практика), Скопје, 2002 година, стр. 17 и во продолжение.

судство, судовите од општа надлежност, Врховниот суд на земјата и другите органи. За ваквото стојалиште се определува и проф. д-р Димитрије Кулиќ.[9]

Од правните теории со чии определби се врши класификацијата на моделите заслужува да биде подвлечено и стојалиштето кој го застапува проф. д-р Јован Ѓорѓевиќ. Според овој автор важни се два системи односно два модели на заштита на уставноста и законитоста и нивната контрола. Тие се: под еден. Судски систем; и под два. Вонсудски систем. Во рамките на судскиот систем, според наведениот автор посебно се подлвекува улогата на редовното судство и улогата, односно надлежноста на уставното судство.[10]

Образложните модели, односно системи (облици, форми) на контролата на уставноста и законитоста се елаборирани врз основа на наведениот критериум. Имено, станува збор за органот кој е овластен да врши контрола на уставноста и законитоста. Но, за една поцелосна и попрегледна престава за разните и другите можни модели треба да се ценат и другите критериуми кои се важни за нивната класификација. Некои од критериумите, покрај наведениот, ги потенцираме како што следува.

Спрема времето кога се врши контролата се прави разлика поимот помеѓу превентивна и репресивна контрола. Превентивната контрола се врши пред да се објави и пред влегување во правна сила конкретниот акт. Репресивната контрола се врши по донесувањето на правниот акт и неговото влегување во правна сила.

Спрема начинот на покренување на механизмот на контролата на уставноста и законитоста, исто така, како критериум, се прави разлика помеѓу два познати системи. Првиот систем или модел се нарекува систем на акцесорна контрола додека другиот систем се нарекува систем односно модел на апстрактна контрола. Системот на акцесорна контрола се однесува за сите случаеви кога прашањето на уставноста се поставува по повод решавањето на конкретно прашање и конкретен спор во постапката. За разлика на системот на акцесорната контрола, другиот систем, системот на апстрактна контрола поседува други новини. Кај системот на апстрактната контрола прашањето на уставноста се поставува

[9] За стојалиштето на професор Кулиќ во неговото цитирано дело стр. 42 – 43.

[10] Поконкретно и во делото на познатиот конституционалист, проф др Јован Ѓорѓевиќ, Уставно право, Београд, 1980 година, стр. 740 – 745.

независно на спор, поточно, се поставува без да постои конкретен спор во конкретна постапка. Затоа се нарекува дека преку овој систем на апстрактно ниво се цени контролата на уставноста односно законитоста.

Заслужува да биде подвлечено и една посебна околност, односно посебен критериум за класификација на моделите на контролата на уставноста и законитоста. Станува збор за правната основа на воспоставување и функционирање на системот на контролата на уставноста. Според правната основа се прави разлика помеѓу моделот на контролата на уставноста која се определува врз основа на самиот устав на земјата и неговите одредби. Значи во самиот устав на земјата, како највисок правен акт, постои уставна норма, постои регулатива со која се предвидува контрола на уставноста и законитоста и се определува надлежниот орган. Другиот правен основ е основот кој се извлекува од практиката на прецедентното право. Според овој основ, моделот на контролата се определува според толкувањето на правните норми и извлекувањето на конкретните стојалишта и конкретните правни заклучоци од практиката на прецедентното право. Значи, во овој вториот случај, правниот основ лежи во самиот прецедент. Ваков случај, како што беше подвлечено во досегашното излагање имаме во прецедентното право на САД.[11]

### 3. Новините и начела на уставното судство

#### 3.1. Начелни определби на уставното судство

Уставноста и законитоста е стара институција. Како што беше нагласено во историскиот развиток на оваа институција, истата се појавува и пред појавата на првите пишани устави. Но сепак кога станува збор за уставно судската заштита таа посебно се развива и се вградува во политичките системи на конкретни земји со појавата на уставот. Со други зборови во сите случаеви кога се случува, се случувало и порано, да има одредени однесувања или беа донесени формално правни акти во спротивност со

[11] За другите критериуми врз основа на кои се врши класификација на моделите на конктролата на уставноста и законитоста и во делата на: проф др Весела Мукоска – Чинго, цитирано дело, стр. 20 и проф др Саво Климовски, Уставен и политички систем, "Просветно дело", Скопје, 1997 година, стр. 383 – 384.

Уставот, се барало и соодветен лек. Лекот се најде во воведување на уставното судство.

Пресуден настан во историјата на судската контрола на уставноста претставува оној настан кој се случи во историјата на Соединетите Американски Држави. Во овој континент, односно во САД прв пат се применува судска контрола на уставноста. Тоа беше познатиот случај Мадисон В. Барбури, за која се донесе и пресуда во 1803 година, на кој случај Американската правна теорија покасно ја изградила „зградата“ на судската контрола на уставноста. Претставува во американското право школски пример на судска контрола и овој случај му даде и посебна слава на првиот претседател на Врховниот суд на САД Џон Маршал кој е прв во американската судска практика кој ја прифатил надлежноста на Врховниот суд да одлучува за уставноста на еден конкретен акт донесен од законодавната власт. Според неговите мисли „устав е оној што ќе рече Врховниот суд“. На овие поставки и денеска се заснова улогата на судот во контролата на уставноста во САД. Инаку, уставна-судската заштита во САД, од страна на Врховниот суд се случи во 1789 година кога Врховниот суд застанал на стојалиште да не го примени неуставниот закон, односно да врши ексцепција на законите со кои се пречекорени уставните граници кои им се наметнати со самиот Устав.[12]

Уставното судство во теоријата на уставното право се третира како самостојна гранка на правниот систем на една земја. Како самостојна гранка се квалификува и во правниот систем на Република Македонија. Претставува посебна уставна-правна институција. Претставува, со други зборови речено, еден од важните модели за заштита на уставноста и законитоста во земјата. И не само тоа. Од почетокот на 20-тиот век уставното судство, како посебна институција се карактеризира и со една важна надлежност, а тоа е потребата за заштита на човековите права и слободи, нивното остварување и нивното оживотворување. Во споредба со другите правни модели поточно облици за заштита на уставноста и законитоста, уставното судство претставува современ облик на уставната контрола која се врши преку една посебна „организација“ на заштита на уставноста. Во согласност со современите промени и потреби, уставноста денеска, посебно денеска, претставува

[12] За изложената форма на уставноста во САД во делото на проф др Димитрије Кулиќ, цитирано дело, стр. 23 – 24.

еден од важние и основните принципи. Претставува едно основно и важно начело на политичкиот систем на една современа демократска држава. Ваквите атрибути ги има и уставното судство на Република Македонија. Преку уставното судство и посебно Уставниот суд се решаваат многубројните проблеми и конфликти и конфликтни ситуации кои се појавуваат во општеството.

Целите кои се постигнуваат преку уставното судство се познати. Познати се и спрема традиционалното сфаќање на Уставот. Уставниот суд и самото уставно судство како „организација", преку остварувањето на својата функција, придонесува во остварувањето на човековите права и слободи. Претставува средство за ограничување на властите во вршењето на нивните права и должности. Од друга страна, претставува и средство за заштита на граѓанските слободи и права. Уставноста и законитоста во една земја ги димензионира општествените функции. Обезбедува општествените функции во општеството да се остваруваат исклучиво во уставните и законските граници и со помалку конфликти и пречекорувања на овластувањата. Во сите оние случаеви кога се случуваат одредени напади врз Уставот, на уставниот поредок на земјата, уставното судство овозможува враќање на настанатите правни ситуации во претходна уставна позиција.

Уставноста и законитоста во една земја не претставува само начело нормирано во највисокиот правен акт. Уставноста и законитоста претставуваат и непосреден интерес на секоја општествено политичка заедница. Во таа смисла уставноста и законитоста како институција претставува институција која се наоѓа во постојан развиток. Се развива со вградување на совршени и современи уставни норми. Од другата страна, оваа институција е во директна врска со развитокот на политичката и правната култура и совесноста на поединеците, здруженијата на граѓаните, сите колективитети, правните лица, институциите и органите на државата. И, кога станува збор за развитокот на уставноста и законитоста во една држава важно е да се забележи и развојот на научната мисла и трудовите кои се објавуваат од оваа свера, од оваа област. Научната мисла придонесува за понатамошната разработка на сите прашања, теми и проблеми кои се во надлежност на уставното судство. Основната надлежност на уставното судство, нека биде подвлечена и овде, е заштита на уставот и уставниот поредок. По однос на самиот устав, како највисок правен акт, познати се

мислите и на Маркс кој, покрај другото, изјавил дека уставот на земјата е „самоодредување на народот“.[13]

Кога станува збор за уставното судство, и посебно за Уставниот суд во него како важен модел, треба да се нагласи дека преку уставните судови и нивните надлежности произлегува дека истите се надлежни за повеќе прашања. Оцената на уставноста на законите, без секое сомневање, претставува значајна надлежност. Но, уставното судство има задача да врши оцена и оценување и на другите подзаконски акти од аспект на нивното усогласување со уставот и со законите. Станува збор за општите акти како и за, во одделни земји и правни системи, поединечните акти. Во одделни земји, уставните судови значи, се надлежни за оцена на поединечните акти како што пресудите, решенијата, заклучоците и други подзаконски акти.[14]

Во рамките на надлежноста на уставното судство во последно време важно е да се забележи тенденција дека уставните судови постапуваат по конкретни иницијативи за уставноста на поединечните акти кои се донесуваат од конкретни органи и со кои акти се повредуваат човеквите слободи и права. Од корпусот на човековите права и слободи се забележува се понагласена и зголемената улога на уставното судство на уставноста и законитоста и заштитата на политичките слободи и права. Од нив посебно се забележува правна заштита преку уставното судство на избирачкото право и правото на граѓаните на организирање во политички партии и здруженија.[15]

Во научната мисла посебно се вреднува улогата на уставното судство како важна институција во заштитата на уставноста и законитоста, заштитата на уставниот поредок и заштитата на самиот устав како највисок правен акт на земјата. Во овој осврт ги потенцираме само мислите на професорите Иво Крбек и Луј Фаворе. Според професорот Иво Крбек, уставното судство претставува „врв во развојот на правораздавањето“. Значајни се и

[13] Поопширно за мислите на Маркс и во книгата на проф др Ѓорѓи Цаца, Уставност и законитост у Социјалистичкој Федеративној Републици Југославији и улога уставних судова у њиховој заштити, Београд, 1974 година, стр. 7.

[14] За надлежностите на уставните судови и во Политичка енциклопедија, “Савремена Администрација”, Београд, 1975 година, стр. 1124.

[15] За надлежностите на уставното судство и за политичките слободи и права во книгата на Светомир Шкариќ, Споредбено и македонско уставно право, “Матица”, Скопје, 2004 година, стр. 343 – 344.

мислите на Луј Фаворе кој, покрај другото, потенцира дека воведувањето на уставно судската контрола на уставноста и законитоста претставува „најмаркантен настан“ во уставното право по Првата светска војна.[16]

Кога се анализира заштитата која се пружа од страна на уставното судство, од страната на неговите уставни судови, се забележува дека таа заштита содржи повеќе нивоа. Од нив три нивоа се важни и заслужуваат посебно да бидат потенцирани. Тие се: прво, преку институцијата уставноста се штити повреда на уставот со пропис кој не е во согласност со истиот. Значи, прописот не е во согласност со Уставот. Во овој случај имаме заштита на уставноста и законитоста во еден апстрактен спор.

## CONCLUSION

The constitutionality and legality of a country is not merely a principle established in the highest legal act. The constitutionality and legality represent the immediate interest of every social political community. In this sense, constitutionality and legitimacy as an institution is an institution that is in constant development. It develops by incorporating perfect and modern constitutional norms. On the other hand, this institution is in direct relation to the development of the political and legal culture and the conscience of individuals, citizen associations, all collectivities, legal entities, institutions and state bodies.

In the scientific thought, the role of the constitutional judiciary is especially evaluated as an important institution in the protection of constitutionality and legality, the protection of the constitutional order and the protection of the constitution itself as the highest legal act of the country.

The goals achieved through the constitutional judiciary are known. They are familiar with the traditional understanding of the Constitution. The Constitutional Court and the constitutional judiciary as an “organization”, through the exercise of their function, contribute to the realization of human rights and freedoms. It is a means of restricting authorities in the exercise of their rights and duties. On the other hand, it is also a means of protecting civil liberties and rights. The constitutionality and legitimacy of a country dimension the social

[16] Мислите на овие автори се цитирани и во книгата на Светомир Шкариќ, Споредбено и македонско уставно право, цитирано дело, стр. 343.

functions. It ensures that social functions in society are exercised exclusively within constitutional and legal boundaries and with fewer conflicts and overstepping of powers.

**Recensentë:**
**Prof dr. Bajram Pollozhani**
**Prof dr. Jusuf Zejneli**

## BIBLIOGRAPHY

Klimovski, Savo, "Constitutional and Political System, Skopje, 1997

Klimovski, Savo, "Constitutional Law and Political System", Skopje, 2006

Klimovski, Savo, Deskovska, Renata and Karakamiseva Tanja: Constitutional Law, Skopje, 2009

Mukoska-Čingo, Vesela: Constitutional Judiciary (theory and practice), Skopje, 2002

Shkaric, Svetomir, "Comparative and Macedonian Constitutional Law", Skopje, 2004

Shkaric, Svetomir, "Constitutional Law", "Matica", Skopje, 2006

DimitrijeKuliq, Constitutional Sufferings in the World, Belgrade-Zajecar, 1982

Djordjevic Jovan, "Constitutional Law", Contemporary Administ

Djordjevic Jovan, Constitutional Law, Belgrade, 1980.

Stojanovic Mihajlo, Judicial Control on Constitutionality, Belgrade 1960

Caca, Georgi, "Constitutionality and Legitimacy of the SFRY and the Role of Constitutional Courts in Nuclear Safeguards", Belgrade, 1974

Political Encyclopedia, Contemporary Administration, Belgrade, 1975